**20261913048**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25 и 174/26), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23 и 146/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 август 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.27/26, 53/26 и 160/26) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година во вкупен износ од 7.295.652.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25 и 174/26) Раздел 14004, Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 464-Разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Мерки за основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства | 20.000.000,00 |
| 2. | Мерки за дополнителна поддршка на доходот на земјоделските стопанства | 20.000.000,00 |
| 3. | Мерки за директни плаќања по единица производ (по килограм, по литар, по грло, по пиле, по бројлер, по несилка, по растение) во растителното и сточарското производство | 2.110.000.000,00 |
| 4. | Мерки за поддршка на влезни елементи во производството, како и нивни производи | 5.000.000,00 |
| 5. | Мерка за поддршка за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2026 година | 1.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Мерка за директни плаќања за мали земјоделски стопанства | 1.000.000,00 |
| 7. | Помош во премии и осигурување | 1.000.000,00 |
| 8. | Помош во сточарскиот сектор | 15.000.000,00 |
| 9. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000.000,00 |
| 10. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | 520.000.000,00 |
| 11. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 22.000.000,00 |
| 12. | Заостанатин обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година | 4.579.652.000,00 |
| | Вкупно | 7.295.652.000,00 |

“.

II

Во делот IV во воведната реченица износот „2.080.000.000,00“ се заменува со износот „2.110.000.000,00“.

III

Во делот XIII износот „3.375.345.000,00“ се заменува со износот „4.579.652.000,00“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-6786/4
18 август 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.